З А П И С Н И К

Од Прва конститутивна седница на Советот на општина Брвеница,

Одржан на ден 25.11.2021 год. Со почеток на 12,00 часот

Седницата ја отвори Претседателот од минатиот состав на Совет на општина Брвеница Мицко Костадиноски и кажа, упатувам честитки до новиот Совет, упатувам поздрав до администрацијата и му честитам на новиот Градоначалник на кој и воедно му посакувам успешна и плодна работа.

Од правната служба се надоврза и кажа, поздрав до сите и на почетокот да ви кажам дека денес нема да има прозивка за присуство туку треба прво да се конституира Советот.

Адем Јашари зеде збор и побара едно минутно молчење во чест на загинатите во тешката сообраќања незгода на нашиот автобус кој поминуваше низ Бугарија.

За работа на седницата се предложи следниот дневен ред:

1.Предлог-Одлука за избор на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именување.

2.Предлог-Одлука за Верификација на мандатите на членовите на Советот на општина Брвеница.

3.Предлог-Одлука за избор на Претседател на Советот на општина Брвеница.

4.Предлог-Одлука за определување на советници овластени за склучување на бракови на подрачјето на општина Брвеница.

5.Предлог-Одлука за овластување на потписник на жиро-сметките на општина Брвеница.

Мицко Костадиноски кажа, ова е конститутивна седница, има и дневен ред на кој има пет работни точки и доколку имате дополнување на дневниот ред можете да дополните.

Бидејќи никој не се јави за дополнување на дневниот ред Мицко Костадиноски дневниот ред го стави на гласање и истиот беше едногласно прифатен.

**I**

По однос на првата точка на дневниот ред „Предлог-Одлука за избор на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именување,, Мицко Костадиноски образлагаше за Верификационата комисија и за начинот на нејзино формирање.

Од Праваната служба исто така се надоврза и кажа, Комисијата за верификација треба да биде формирана од 5 члена и по еден член од секоја политичка партија, додека Претседателот треба да биде од политичката партија која има освоено на последните локални избори најповеќе мандати за советници.

Мицко Костадиноски повика на предлагање кандидати за членови на Комисијата за верификација.

Абеб Нухији го предлага Бујамин Рушити.

Мирослав Даиловски го предлага Дончо Симјаноски.

Адем Јашари (Ф) го предлага Адем Јашари од Гургурница.

Светлана Стаматовска го предлага Злате Китановски.

Алихасан Идризи го предлага Емин Алии.

За членови на Комисијата за верификација беа предложени:

1.Дончо Симјановски,

2.Бујамин Рушити,

3.Адем Јашари,

4.Злате Китановски и

5.Емин Алии.

Советот се информираше дека за Претседател на Комисијата за верификација е избран Дончо Симјановски Мицко Костадиноски првата точка на дневен ред ,,Одлука за избор на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именување,, ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутните советници 14.

**II**

По однос на втората точка од дневниот ред ,,Предлог-Одлука за Верификација на мандатите на членовите на Советот на општина Брвеница,, , Мицко Костадиноски ја прочита истата и кажа, бидејќи членовите на комисијата се избраа сега давам пауза од 5-10 минути да ги веифицирате мандатите на советниците односно да ги разгледаат решенијата односно уверенијата на советниците.

Од правната служба кажа, согласно деловникот за работа сега ќе ги разгледаме решенијата со условите, исто така имаме и член на Совет кој сака да се откаже.

Од правната служба кажа, треба да потпишете изјава, додека за личноста која нее присутна ќе се верифицира мандаатот на наредната седница на која ќе биде присутна.

Претседателот на Комисијата за верификација кажа, комисијата се состана, ги прегледа уверенијата од сите советници и констатира дека нема пречка за да се потпишат изјавите, односно да се верифицираат мандатите на сите советници освен на едната советничка која се откажува од мандатот.

Од правната служба се поделени изјавите на сите советници.

Мицко Костадиноски кажа, ќе станете сите и секој ќе ја чита својата изјава и со таа изјава односно со нејзино потпишување и официјаално станувате член на Советот на општина Брвеница.

Советниците ги читаат изјавите.

По читањето на Изјавите и нивно потпишување Претседателот од претходниот Совет ја стави на гласање „Одлуката за Верификација на мандатите на членовите на Советот на општина Брвеница „и истата едногласно се прифати од 14 присутни советници.

**III**

По однос на третата точка од дневниот ред „Предлог-Одлука за избор на Претседател на Советот на општина Брвеница „ Мицко Костадиноски ја прочита истата и кажа, доколку и за оваа точка ви треба пет минути пауза да се договорите.

Абеб Нухии зеде збор и кажа, нема потреба од пауза ние тука ќе предлагаме.

Мицко Костадиноски образлагаше за процедурата за изборот на Претседател.

Од правната служба исто така се надоврза и кажа, откако ќе ги предложите кандидатите за Претседател секој има право да гласа само за едн од кандидатите, се разбира доколку има повеќе предложени кандидати.

Мицко Костадиноски кажа, сега може да предлагате.

Абеб Нухии за кандидат за Претседател на Советот на општина Брвеница го предложи Бујамин Рушити.

Мицко Костадиноски праша дали има уште предлози.

Бидејќи немаше други предлози за Претседател на Совет освен Бујамин Рушити, Мицко Костадиноски предлогот го стави на гласање и истиот беше прифатен од 8 советници ЗА и 6 советници Воздржани.

Мицко Костадиноски кажа, за Претседател на Совет е избран Бујамин Рушити.

Претседателот од стариот Совет „Одлука за избор на Претседател на Советот на општина Брвеница„ ја стави на гласање и истата беше прифатена од 8 советници ЗА и 6 советници Воздржани.

Бујамин Рушити кажа, ви благодарам на сите за номинацијата и за изборот, јас нема да бидам поинаков од порано, наша цел е да носиме добри одлуки, му честитам на Градоначалникот , можеби некогаш ќе имаме некои несогласувања но знам дека ќе ги поминеме, му благодарам и на досегашниот Претседател на Совет Мицко Костадиноски.

**IV**

По однос на четвртата точка на дневниот ред „Предлог-Одлука за определување на советници овластени за склучување на бракови на подрачјето на општина Брвеница„ Претседателот на

Советот Бујамин Рушити ја прочита истата и кажа, секој советник има право да учествува на склучување на бракови во матичното но би прашал дали некој несака.

Бидејќи никој не бараше збор Претседателот на Советот четвртата точка на дневен ред „Одлука за определување на советници овластени за склучување на бракови на подрачјето на општина Брвеница „ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутните 14 советници.

**V**

По однос на петтата точка на дневниот ред „Предлог-Одлука за овластување на потписник на жиро-сметките на општина Брвеница„ Претседателот на Советот ја прочита истата и кажа, со закон е предвидено Градоначалникот да биде потписник на сметките и истото го ставам на гласање.

Претседателот на Советот кажа, констатирам дека Одлуката Градоначалникот ќе биде единствен потписник на жиро-сметките е едногласно прифатена од присутните 14 советници.

Претседателот на Советот точката „Одлука за овластување на потписник на жиро-сметките на општина Брвеница„ ја стави на гласање и истата се прифати од 14 присутни советници.

Со исцрпување на точките на дневниот ред заврши Првата Конститутивна седница на Советот на општина Брвеница.

**Записничар**

**Наташа Стојческа**

**Бр.08-1718/2**
**25.11.2021**

**Совет на општина Брвеница**
**Претседател,**
**Бујамин Рушити**